Митко КОТОВЧЕВСКИ УДК: 355.40(73)„2001-“

# РАЗУЗНАВАЧКО БЕЗБЕДНОСНАТА ЗАЕДНИЦА НА САД ПОСЛЕ ТЕРОРИСТИЧКИТЕ НАПАДИ НА 11-ТИ СЕПТЕМВРИ 2001

***Кратка содржина***

*Терористичките напади на 11-ти септември кои предизвикаа масовни загуби на САД, недвосмислено на површина ги исфрлија сите слабости, ривалства и недоследности, ранливоста на државата и посебно, лошата координација помеѓу членките на најмоќната разузнавачко-безбедносната заедница во историјата на цивилизациите.*

*Со цел да се елиминираат сите пројавени аномалии во функционирањето на разузнавачко–безбедносната заедница на САД, за релативно краток временски интервал се направија суштински промени и трансформација во нивната организациона поставеност, функциите и системот за управување и координација. Основната цел на нивната реорганизација и трансформација беше да се намали ранливоста на САД од тероризмот, односно ранливоста на нејзината национална критична инфраструктура од терористичките закани.*

***Клучни зборови***: *РАЗУЗНАВАЊЕ, РАЗУЗНАВАЧКА ЗАЕДНИЦА, РАЗУЗНАВАЧКИ СЛУЖБИ, ТЕРОРИЗАМ, ТАТКОВИНСКА БЕЗБЕДНОСТ, НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ.*

## Вовед

Разузнавачката заедница на САД претставува целина на извршните гранкови агенции и организации кои извршуваат разновидни разузнавачки активности кои заедно ја сочинуваат нејзината целокупната национална разузнавачка активност. Директорот за национално разузнавање (ДНИ) е раководител на разузнавачката заедница и според својата функција е главен разузнавачки советник на Претседателот и на Советот за национална безбедност. Разузнавачката заедница вклучува осум организации на секретаријатот за одбрана: Агенција за одбранбено разузнавње (ДИА), Агенција за

национална безбедност (НСА), Националната Агенција за геопросторно разузнавање (НГА), Националната канцеларија за набљудување (НРО), и разузнавачките канцеларии на секоја воена служба, вклучувајќи ја и Крајбрежната стража. Други членови се: Централната разузнавачка агенција, Стејт Департментот, Секретаријат за енергетика, Секретаријатот за финансии и Сојузното истражно биро. Петнаесетте членки на Разузнавачката заедница го советуваат Директорот на националното разузнавање преку претставување (излагање) пред голем број на специјализирани комитети каде што се разгледуваат разузнавачките прашања од заеднички интерес за безбедноста на САД.

## НАЦИОНАЛНА ЗАЕДНИЦА ЗА НАДВОРЕШНО РАЗУЗНАВАЊЕ (НФИЦ)*

Законот за национална безбедност од 1947 и Законот за Централната разузнавачка агенција од 1949 се камен темелници за развојот на организираниот систем за надворешното разузнавање на САД во 20-тиот век.

После крвавите терористички напади врз САД на 11-ти септември 2001 година, различните организации на разузнавачката заедница (ИЦ)[1]и нивните специфични одговорности, претрпеа промени или беа елиминирани со донесувањето на Законот за реформа во разузнавањето и спречување на тероризам од 2004 година. Донесувањето и развојот на овој Закон, потпишан од претседателот Буш во декември 2004 година, претставува директен резултат од неуспехот на Разузнавачката заедница на САД соодветно да го предупреди американското раководство за нападите од 11-ти септември, како и нејзините неточни проценки во врска со ирачката програма за оружјето за масовно уништување. Еден од повеќето значајни развоји на овој Закон беше основањето на функцијата Директор на националното разузнавање (ДНИ)[2], означувајќи ги специфичните задачи и обрски на ДНИ. Со создавањето на ДНИ, беше укината функцијата Директор на централното разузнавање (ДЦИ).[3]

---

* Забелешка: NFIC-National Foreign Intelligence Community.

[1] IC-Intelligence Community.

[2] DNI-Director of National Intelligence.

[3] DCI-Director of Central Intelligence.

Законот за реформа во разузнавањето и спречување на тероризам од 2004 година ја измени дефиницијата за Национално разузнавање во „Севкупното разузнавање, без разлика на изворот од каде потекнува и вклучување на информации во рамките на или надвор од САД, кои – (А), како што е одредено од било која директива издадена од Претседателот, се однесуваат на повеќе од една американска владина агенција: и (Б) кои вклучуваат – закани за САД, народот, нивната сопственост или интереси; развојот, пролиферацијата или употребата на оружјето за масовно уништување или било кое прашање во врска со националната и домашната безбедност на САД".

Разузнавачката заедница (ИЦ) е слободен конгломерат на 15 агенции, секоја со специфична или единствена разузнавачка функција. Иако Директорот за национално разузнавање (ДНИ) има значајна улога за координација и лидерство во Разузнавачката заедница, тој не издава директни наредби. Всушност, ниту една личност, освен Претседателот, нема директна команда врз целата Заедница.

Официјалните членки на Националната заедница за надворешно разузнавање (НФИЦ) се следниве[4]:

Централна разузнавачка агенција (ЦИА)
Биро за разузнавање и истражување на Стејт Департментот (ИНР)
Разузнавачкиот елемент на Секретаријатот за енергија
Разузнавачкиот елемент на Секретаријатот за финансии
Разузнавачки оддел на Федерално истражно биро(ФБИ)
Агенцијата за одбранбено разузнавање (ДИА)
Агенцијата за национална безбедност (НСА)
Агенцијата за национално геопросторно–разузнавање (НГА)
Националната канцеларија за набљудување (НРО)
Разузнавачките елементи на:
Одделот на Армијата
Одделот на Морнарицата
Одделот на Воздухопловните сили
Маринскиот Корпус
Крајбрежната стража
Разузнавачкиот елемент на Секретаријатот за татковинска безбедност.

[4] Забелешка: Сите релевантни информации за новите членки на разузнавачко безбедносната заедница на САД со определени модификации користени се од анализата на: Nucle, D.G and Vanderhoof T.M. (2005). An Introduction to intelligence Analysis, Washington, DC: Joint Military Intelligence Center, p.p 16-30.




Разузнавачка заедница на САД

## Развој на ДНИ

Законот за национална безбедност од 1947 година ја обврза ЦИА да ги координира разузнавачките активности на државата. Ова вклучуваше корелација, оценување и дистрибуција на разузнавачки информации во врска со националната безбедност на САД. ЦИА, исто така, требаше да извршува и други задачи и функции во врска со разузнавањето по барање на Советот за национална безбедност на САД. Според Законот за национална безбедност од 1947, Директорот за централно разузнавање (ДЦИ) беше одговорен за заштита на разузнавачките извори и методи.

Во 1949 година, беше донесен Законот за Централна разузнавачка агенција, обновувајќи го Законот за национална безбедност

од 1947 година. Законот од 1949 и дозволи на ЦИА да употребува доверливи фискални и административни процедури и ја ослободи од многутте вообичаени ограничувања за трошење на сојузните средства. Средствата на ЦИА можеа да бидат вклучени во буџетите на други оддели и потоа да бидат префрлени на ЦИА без оглед на рестрикциите наметнати на првичната намена. Овој Закон е статутарно овластување за тајност на буџетот на Агенцијата, што е под „постојан оган". Со цел да се заштитат разузнавачките извори и методи, Законот од 1949 ја ослободи ЦИА од откривање на нејзината организација, функции, имиња, функционери, титули, плати или број на вработени. Законот за разузнавачко овластување за ФУ 1993 дефинира и става рестрикции на тоа кога средствата можат да бидат пренесени внатре во Разузнавачката заедница.

Законот за реформа на разузнавањето и заштита од тероризам од 2004 година ја креира функцијата Главен заменик–назначен од Претседателот со согласност на Сенатот–кој не може истовремено да служи како друг ИЦ елемент. Или ДНИ или Главниот заменик на ДНИ може да бидат на активна должност (да ја остваруваат само таа функција). ДНИ може да назначи не повеќе од 4 дополнителни заменици – за нив нема ограничувања за нивното ангажирање во друга владина служба.

### *Улоги и одговорности на ДНИ*

Според Законот, Директорот на националното разузнавање (ДНИ) е назначен од Претседателот по директива и согласност од Сенатот. ДНИ има три различни улоги:

1. Служи како раководител на Разузнавачката заедница на САД;
2. Главен разузнавачки советник на Претседателот, Советот за национална безбедност и Советот за татковинска безбедност[5] (ХСЦ)[6];
3. Надгледува и раководи со применувањето на Националната разузнавачка програма (НИП)[7].

---

[5] Забелешка: внатрешна, домашна или татковинска безбедност.
[6] HSC-Homeland Security Council.
[7] NIP-National Intelligence Program.

Како раководител на Разузнавачката заедница, Директорот ги има следниве шест одговорности:

1. Да го креира и да му го презентира на Претседателот годишниот буџет за НИП.
2. Да ги дефинира побарувањата и приоритетите, да раководи со собирањето на националните разузнавачки информации од страна на елементите на разузнавачката заедница.
3. Да ја промовира употребата на националното разузнавање на корисници во Владата и да го оцени истото.
4. Да го елиминира непотребното дуплирање во рамките на разузнавачката заедница.
5. Да ги заштитува разузнавачките извори и методи од неовластено откривање.
6. Да извршува други функции по наредба на Претседателот или Советот за национална безбедност.

Под раководство на Советот за национална безбедност (НСЦ), ДНИ е одговорен за обезбедување на разузнавање на национално ниво за Претседателот, раководителите на одделите и агенциите од извршната гранка (бранша), претседавачот на Заедничките началници на Генералштабот и виши воени команданти, како и Сенатот и Долниот Дом и нивните комисии. Обезбедените национални разузнавачки информации треба да бидат навремени, објективни, независни од политички влијание и базирани на сите расположливи извори на Разузнавачката заедница.

Со цел да ги исполни многуте улоги и одговорности, ДНИ има неколку штабни елементи на Разузнавачката заедница кои му помагаат. Двата најзначајни се Канцеларијата на директорот за национално разузнавање (ОДНИ)[8] и Советот за национално разузнавање (НИЦ)[9].

**Канцеларија на директорот за национално разузнавање**

ДНИ ги извршува своите одговорности преку посебен штаб наречен Канцеларија на директорот за национално разузнавање. Канцеларијата на директорот за национално разузнавање е незави-

[8] ODNI-Office of the Director of National Intelligence.

[9] NIC-National Intelligence Council.

сен штабен елемент раководен од Извршниот директор за работите на Разузнавачката заедница ИЦА[10], и поднесува извештаи директно на ДНИ. Канцеларијата на директорот за национално разузнавање ја сочинуваат претставници од различни членки на НФИЦ. Овој штаб ја креира, координира и применува политиката на ДНИ во сферата на управување со ресурсите, оценување на програмата и планирање на потребите. Со цел да ги исполни своите мисии, Канцеларијата на директорот за национално разузнавање има пет функционални канцеларии:

1. **Канцеларија за управување со ресурсите.**
2. **Канцеларија за оценување на програмата.**
3. **Канцеларија за потреби, планови и политика.**
4. **Главен офицер за информации на Разузнавачката заедница.**
5. **Административен персонал.**

**Совет за национално разузнавање (НИЦ)**

Освен од Канцеларијата на Директорот за национално разузнавање, ДНИ е исто така поддржан и од Советот за национално разузнавање (НИЦ), кој главно се фокусира на производство на крајни разузнавачки информации. НИЦ се состои од 12 виши аналитичари, наречени офицери за национално разузнавање (НИОс)[11], кои се самостојни експерти од јавните и приватни сектори. Секој НИО се концентрира или на специфична географска област, како Русија и Евроазија или функционална област како наука или технологија.

НИЦ пред се е одговорна за правење на проценки на националното разузнавање (НИЕс)[12] кои ги креираат колективните ставови на Разузнавачката заедница за надворешни и одбранбени прашања, вклучувајќи и посебни ставови на членовите на Заедницата. Освен НИЕ, НИОс, исто така, издаваат и НИЦ Меморандуми и други производи на одредени теми од интерест за Националната разузнавачка заедница. НИЦ исто така ги оценува и разузнавачките резултати, дава препораки на ДНИ и му помага на ДНИ во извршувањето на зададените задачи.

---

[10] ICA-Intelligence Community Affairs.
[11] NIOs-National Intelligence Officers.
[12] NIEs-National Intelligence Estimates.

Претседавачот на НИЦ претседава со Развојниот одбор за национално разузнавање (НИПБ)[13], формиран во јуни 1992 година. НИПБ е средство на претседавачот на НИЦ за стекнување на високо ниво на помош од Заедницата во советување на ДНИ за крајните прозводи – особено релевантноста, квалитетот и навременоста на продуктите за заедницата која ја креира политиката. НИПБ се состои од виши развојни менаџери од различни членови на Заедницата за национално разузнавање и претседевачот од редовите на развојните комитети на ДНИ.

## Официјални членови на разузнавачката заедница за надворешно разузнавање (НФИЦ)

### *Централна разузнавачка агенција (ЦИА)*

Централната разузнавачка агенција (ЦИА), со седиште во Ленгли, Вирџинија, е уникатна во Разузнавачката заедница бидејќи таа е автономна организација, а не составен штабен елемент на поголем владин секретаријат. Исто така, таа се разликува од остатокот од Заедницата бидејќи има оперативна функција – служи како основна агенција одговорна за спроведување на специјални активности (тајни акции). Делумно поради нејзината уникатност, некои го сметаат персналот на ЦИА како елита на разузнавачката професија. Од сите членови на разузнавачката заедница, ЦИА има најголема аналитичка екипа.

Освен нејзината мала оперативна функција (тајни акции), ЦИА ги има следниве разузнавачки обврски и мисии[14]:

а) Собира, подготвува и доставува информации од областа на надворешното разузнавање и контраразузнавање;

б) Собира, подготвува и доставува информации за сите аспекти за производството и прометот во странство, односно недозволената трговија со наркотици;

в) Изведува контраразузнавачки активности надвор од САД, но и на територијата на САД;

г Ги координира контраразузнавачките активности и активностите за собирање информации;

---

[13] NIPB-National Intelligence Production Board.

[14] A Consumer's Guide to Intelligence, Central Intelligence Agency, Public Affaires Staff, Washington, 1995.

д) Врши специјални активности одобрени од претседателот на САД;
ѓ) Во согласност со насоките на Советот за национална безбедност, врши услуги од заеднички интерес за разузнавачката заедница;
е) Спроведува или склучува договори за спроведување на истражувања за развој или за набавка на технички системи и уреди кои се неопходни за извршување на функциите за кои е надлежна;
ж) Со примена на соодветни методи и средства, ја штити безбедноста на своите инсталации, на средствата, на активностите, на информациите и на вработените;
з) Врши работи за административна и за техничка поддршка на своите активности, во и надвор од САД, и обезбедува основна заштита и неопходни мерки.

Директоратот го сочинуваат следните[15]:

**Дирекцијата за оперативни работи.**
**Центарот за противтероризам**.
**Дирекцијата за наука и технологија.**

Во Дирекцијата за разузнавање (ДИ) се наоѓаат следните служби:

**А)** ***Служба за анализирање.***

**Б)** ***Служба за научно истражување и истражување на оружјето.***

**В)** ***Служба за средства, трговија и технологија.***

**Г)** ***Службата за тековно производство и аналитичка поддршка.***

**Д)** ***Службата за средства за информирање.***

**Ѓ)** ***Центарот за криминал и наркотици.***

**Е)** ***Центарот за противпролиферација.***

---

[15] Забелешка: За организациската поставеност и функционирањето на ЦИА, да се види во „Основи на разузнавањето“, д-р. Алекса Старменковски, НИП „Ѓурѓа“, Скопје, 1999 година.

***Директорат за администрација (ДА)***

Под раководство на заменик директорот за администрација, овој директорат ги извршува сите административни функции, функции во врска со персоналот, како и сите останати функции неопходни за ефикасни операции на агенцијата.

## Разузнавање во Стејт Департмертментот/Биро за разузнавање и истражување (ИНР)[16]

***Државниот секретаријат, Бирото за разузнавање и истражување*** обезбедува разузнавачки информации од човечки извори, преку дипломатските извештаи. Шефовите на мисиите имаат обврска и да ги контролираат сите невоени активности и да обезбедуваат собирање разузнавачки информации од отворени извори во странските земји каде што престојуваат.

*Бирото за разузнавање и истражување* ги поддржува потребите на Секретаријатот со изработка на дневни извештаи, белешки и извештаи. Овие производи се доставуваат до разузнавачката заедница со цел да се обезбеди целосно согледување на прашањата кои се однесуваат на поддршката на надворешната политика на САД и да можат да се подготват одлуки и да се преземат мерки за излегување во пресрет на промените кои доаѓаат.

Бирото му обезбедува на државниот секретар навремени и од сите извори обработени анализи кои се однесуваат на прашањата од политичка, економска и безбедносна природа.

За извршување на работите од својата надлежност, Бирото има три директорати:

- Директорат за функционална анализа и извршна поддршка,
- Директорат за аналитика и
- Директорат за разузнавачка политика и координација.

Бирото за разузнавање и истражување на Државниот секретаријат, и воопшто Државниот секретаријат, се јавува како собирач и производител на дипломатски и други извештаи од странство. Овој начин на известување е многу поевтин, помалку ризичен, се обезбедува од голем број земји, а отворено, односно јавно собраните инфор-

---

[16] INR-Intelligence and Research.

мации се во постојан пораст и заземаат поголем дел од информациите што се обезбедуваат од човечки извори.

Стејт департментот преку своето Биро за разузнавање и истражување (ИНР), отворено прибира информации значајни за надворешната политика на САД. Тоа е најстарата национална разузнавачка организација и неговите корени се од првиот разузнавачки директорат на САД создаден од Континенталниот конгрес и Комисијата за тајна коресподенција. Стејт департментот гледа на разузнавањето и војската како дел на од политиката. ИНР има две главни обврски: самостојно разузнавање и координација.

За да ја оствари својата самостојна разузнавачка мисија, ИНР обезбедува од разузнавачката заедница необработени и крајни разузнавачки информации за Стејт департментот, произведува сопствени разузнавачки информации за Стејт департментот и учествува во креирање на разузнавачки проценки во рамките на Заедницата. ИНР се фокусира на навремено истражување насочено кон политиката за поддршка на клучните проблеми со кои се соочуваат политичарите.

Освен подготовка на политички, социолошки, економски (за слободниот свет) и воени (лимитирани) разузнавачки информации за странски држави, тоа, исто така, до остатокот од заедницата дистрибуира и извештаи добиени од американските дипломатски и конзуларни претставништва. Бирото за разузнавање и истражување, исто така, го поддржува и Стејт департментот во неговата улога како водечка агенција за информирање за терористички закани и напади против американските граѓани надвор од државата. Тоа соработува со ФБИ, Сојузната воздухопловна администрација и други агенции за спротивставување на различни терористички активности.

### Разузнавање во Секретаријатот за енергетика

Мисијата на Секретаријатот за енергетика (ДОЕ)[17] е да допринесе за добросостојба на САД преку обезбедување на научна основа, технолошко, политичко и институционално раководство неопходно за постигнување на ефикасна употреба на енергијата,

[17] DOE-Depratment of Energy.

разновидност на енергетските извори, попродуктивна и конкурентна економија, подобрен квалитет на животната средина и безбедна национална одбрана. Како дел од неговата програма, ДОЕ поседува и работи со повеќе национални лаборатории со помош на приватни изведувачи.

Иако ДОЕ е пред се консумент на националното разузнавање, неговата Канцеларија за енергетско разузнавање сепак произведува и дистрибуира разузнавачки информации за креаторите на политиката во владата и Разузнавачката заедница. ОЕИ нема можност за официјално прибирање на разузнавачки информации, но сепак таа отворено собира политички, економски и технички информации во врска со странски енергетски прашања и тестирања на нуклеарно оружје.

Секретаријатот за енергетика ги поддржува носителите и подготвувачите на одлуки во Владата на САД, како и разузнавачката заедница со навремени, точни и релевантни разузнавачки анализи и национални разузнавачки производи за нуклеарната пролиферација, странското нуклеарно оружје и материјалите, науката и технологијата, за безбедноста на нуклеарните централи и за економските прашања што се од надлежност на неговото работење.

Секретаријатот за енергетика, исто така, обезбедува и контраразузнавачки показатели за потребите на разузнавачката заедница, а особено за ФБИ и ЦИА, а пред се податоци кои се однесуваат на нуклеарните закани во земјата, црниот пазар на нуклеарни материјали и за луѓето и средствата од сферата на нуклеарното работење и енергетиката.[18]

## Агенција на министерството за енергетика (ДЕА)

ДЕА–претставува мошне значајна и влијателна разузнавачка организација формирана кон крајот на седумдесеттите години. Таа во својот состав има разузнавачко одделение кое има подеднаков ранг со другите разузнавачки служби на САД.

Оваа агенција за енергетика на Владата на САД е исклучително наменска и служи за собирање и обработка на релевантни

[18] Извор: A' Consumer's GUIDE to Intelligence Central Intelligence Agency, Public Affairs Staff, Washington 1995, стр. 20.

податоци за достигнувањата на другите земји во областа на енергетиката. Нејзина значајна активност претставува и контраразузнавачката заштита на научните достигнувања од областа на енергетиката во САД.

По прашањата на разузнавачкиот опфат на научните кадри од таа област, ДЕА остварува соработка и со други разузнавачки и контраразузнавачки институции.

### Разузнавачко одделение на комисијата за атомска енергија (АЕС)

Настанало во текот на Втората светска војна во делот на Одделот за научни истражувања и развој, како Одделение за заштита на лабораториите и Истражувачкиот центар за изработка на атомски бомби.

Ова одделение ги врши следните работи:[19]

1. Врз основа на расположливите податоци ги следи истражувањата во областа на атомската енергија во странските држави и ги класифицира и ги анализира собраните известувања. Врз основа на сознанијата за достигнувањата во странските држави во областа на нуклеарната физика врши проценки значајни за националната безбедност.
2. Организира контраразузнавачка заштита на институтите–лабораториите и полигоните во кои се вршат нуклеарни истражувања и експериментални проби. Разузнавачкото одделение АЕС ги упатува своите барања спрема ЦИА и други разузнавачки установи за собирање на известувања во странските држави за достигнувањата во развојот на нуклеарната енергија.

### Разузнавање на секретаријатот за финансии

Секретаријатот за финансии стана официјален член на НФИЦ во 1971 година, како резултат на растечкото значење на економското

[19] Котовчевски, М. (2002). Современи разузнавачки служби. Скопје: Македонска цивилизација, стр. 138.

разузнавање. Иако секретаријатот за финансии не е официјално вклучен во активностите за собирање на разузнавачки информации, тој отворено собира странски финансиски и монетарни информации во земји каде има трезорско аташе. Тој, исто така, му помага на Стејт департментот во собирање на општи надворешни економски информации.

Споредена со другите поголеми разузнавачки агенции, Канцеларијата за разузнавање на Секретаријатот за финансии е многу мала. Таа е пред се консумент на националното разузнавање. Канцеларијата за разузнавање се фокусира на актуелните разузнавачки прашања за поддршка на функциите на секретаријатот за финансии. Нејзината основна функција е да го информира Секретарот на финансии за настаните овозможувајќи му подобро да ги остварува активностите на Кабинетот. Канцеларијата за разузнавање раководи со мал 24-часовен набљудувачки центар и координира со другите членови на Разузнавачката заедница за изработка на национални разузнавачки проценки (НИЕс)[20].

Во моментов некои од клучните области набљудувани од Секретаријатот се проблемите со долговите на земјите од Третиот свет, економски санкции, развојот на новите пазарни економии и протокот на пари. Финансиското разузнавање е вклучено и во откривање на протокот на пари, активностите за перење на пари, фалсификување и идентификување на врските со аналитичарите на Заедницата против наркотици и тероризам. Следењето на протокот на парите, исто така, ги поддржува и напорите за следење на активностите за пролиферација на оружје.

Иако Канцеларијата за разузнавање е единствената трезорска разузнавачка организација со одговорности кон Заедницата, Внатрешната служба за приходи (ИРС)[21] во рамките на секретаријатот за финансии, исто така, има разузнавачки одговорности. ИРС и помага на Разузнавачката заедница во области како перењето на пари и избегнување на даноци, бидејќи овие активности се често поврзани со наркотици, тероризам и илегално купување на оружје.

---

[20] NIEs-National Intelligence Estimates.

[21] IRS-Internal Revenue Service.

**Федерално истражно биро (ФБИ)**

Федералното истражно биро формирано е во 1909 година во составот на Секретаријатот за правда, кому му поднесува извештај за своето дејствување како и за конкретните појави, за кои го известува и сојузниот тужител. Во определени ситуации постапува и по барањата на Претседателот на САД, лично, а извештај за значајните сознанија му поднесува и на Советот за национална безбедност. Заменикот на Директорот на ФБИ е член на разузнавачкиот одбор на САД. Федералното биро ги извршува и функциите на контраразузнавачка служба и на политичката полиција на територијата на САД.

Дел од ФБИ се занимава и со контраразузнавачки работи кои се извршуваат од следните одделенија[22]:

1. **Одделение за контраразузнавачки работи.**
2. **Одделение за контрола на политичките противници на системот.**
3. **Одделение за кривична полиција.**

ФБИ како истражна рака на Министерството за правда врши истраги за незаконските активности од сферата на организираниот криминал, изнудување, повреда на граѓанските права, киднапирање, грабежи на банки, воздушно пиратство, тероризам, меѓународен криминал, промет со дроги и сл.

Денес, Федералното истражно биро во прв ред е надлежно за контраразузнавачката заштита и борбата против тероризмот во САД. Исто така, ФБИ ги врши работите кои се однесуваат на откривањето на шпионажата. ФБИ ги координира контраразузнавачките активности во странство. Тие активности ги извршува во координација со ЦИА и по постапки и процедури што ги пропишува директорот на Централното разузнавање.

Покрај другите функции, ФБИ покрива широк спектар на истражни дејства на сојузните престапи, како и значајна поддршка на националната безбедност на САД. Во негова надлежност се и „безбедносните проверки" за кандидатите при нивното вработување

[22] Котовчевски, М. (2002). Современи разузнавачки служби. Скопје: Македонска цивилизација, стр. 134-136.

на значајни државни функции. ФБИ претставува и лидер во американската разузнавачко-безбедносна заедница во борбата против тероризмот.

Денес на „приоритетната листа“ на активности на ФБИ, односно опасности за националната безбедност на САД спаѓаат и индустриската шпионажа–стремежот на странските разузнавања да ги украдат најновите технологии на САД, борба против обидите на странските држави да го манипулираат американското јавно мислење, борба против дрогата, а во најново време активно се вклучува и во борбата против компјутерската шпионажа. За таа цел, во ФБИ се формира и „Национален оддел за борба против компјутерските престапи“.

Во 1993 година ФБИ во Москва отвора претставништво за давање помош на руските правосудни органи во борбата против организираниот криминал.

Во 1994 година Разузнавачката управа на ФБИ беше преименувана во Управа за национална безбедност. Истата година, претседателот Клинтон издава директива според која одговорноста за контрашпионажата во целост ќе ја превземе ФБИ и за претседател на Националниот центар за проблемите на контраразузнавањето беше поставен претставник од ФБИ. Оваа функција ќе биде ротирачка, односно на секои четири години ќе се менуваат претставниците на ФБИ, ЦИА и на воеוהото разузнавање.

Федералното истражно биро (ФБИ) има седиште во центарот на Вашингтон. Главна обврска на Разузнавачкиот оддел на ФБИ (ИНТД)[23] е контраразузнавање и координација на контраразузнавачките активности во САД. ФБИ, исто така, спроведува контраразузнавачки активности надвор од САД во координација со ЦИА и воените служби. Втора одговорност на ФБИ е да служи како водечка агенција за сите терористички акции или закани во САД.

Како водечка агенција за контраразузнавање во САД, ФБИ/ИНТД е одговорно за собирање, анализирање и искористување на информациите за идентификување и неутрализирање на активностите на странските сили и нивните агенти, кои можат да влијаат на националната безбедност на САД, Тие ја извршуваат оваа обврска преку контраразузнавачки истраги и анализи. ФБИ/ИНТД неодамна ја измени својата контраразузнавачка стратегија со цел да одговори

[23] INTD-Intelligence Division.

на потребите на ерата по Студената војна. Новата стратегија се нарекува Листа на закани за националната безбедност (НСТЛ)[24].

НСТЛ е поделена на две главни категории: Закани од земји и Закани од проблеми. Овие закани се идентификувани од страна на ФБИ и Одделот за правда во соработка со Стејт Департментот и се разгледуваат годишно. Закани од земји е класифицирање на странските држави и субјекти кои претставуваат стратешка разузнавачка закана за американската национална безбедност и интереси. Закани од проблеми е листа на разузнавачки активности на било која странска сила насочени против идентификувани проблеми кои се сметаат за штетни за американската национална безбдност и интереси.

Постојат четири критериуми кои се употребуваат за одредување дали некоја одредена земја или субјект може да биде внесен во листата на НСТЛ за Закани од земји: ниво на разузнавачка или терористичка активност од страна на некоја земја/субјект; природата на разузнавачката цел; способноста на земјата или субјектот и политичката, воената и економската поврзаност со САД.

Моментално постојат осум клучни закани од проблеми за НСТЛ.

1. Тероризам
2. Шпионажа
3. Пролиферација
4. Економска шпионажа
5. Националната информативна структра како цел
6. Владата на САД како цел
7. Управување со перцепцијата
8. Странски разузнавачки активности

Освен нејзините истражни улоги, ФБИ, исто така, употребува и анализи за изведување на нејзините контраразузнавачки мисии. Истражувачките и аналитички функции на Разузнавачкиот оддел беа започнати во 1973 по препорака на Советодавниот одбор за надворешно разузнавање на Претседателот (ПФИАБ)[25]. Иако ИНТД е активно вклучен во разузнавачките проценки и активности, неговата основна цел е да пружа истражувачка и аналитичка поддршка на истрагите за меѓународен тероризам и странско контраразузнавање спроведени од страна на ФБИ.

[24] NSTL-National Security Threat List.
[25] PFIAB-President's Foreign Intelligence Advisory Board.

Денес ФБИ претставува значајна алка во разузнавачко-безбедносната задница на САД, моќна организација која има претставници во голем број држави во светот.

Наместо заклучок можеме да констатираме дека ФБИ претставува дел од американската разузнавачко–безбедносна заедница како водечка служба во контраразузнавањето која се бори против шпионажата на територијата на САД.

## Агенција за одбранбено разузнавање (ДИА)

ДИА претставува единствена военоразузнавачка служба во САД која го обединува и го координира дејствувањето на разузнавачките служби на Генералштабот на Копнените сили – Г-2, Контраразузнавачкиот корпус – ЦИЦ, Разузнавачката служба на Генералштабот на Воената морнарица – ОНИ и Разузнавачката служба на Генералштабот на Военото воздухопловство – ИДАС (АФИ).

Оваа служба е формирана 1961 година во составот на Министерството за одбрана. ДИА е раководена од помошникот на министерот за одбрана на разузнавачката служба. ДИА од нејзиното основање ефикасно и обединето ги решава сите проблеми на военоразузнавачки, на контраразузнавачки и на безбедносен план за потребите на ВС на САД.

Разузнавачките служби во рамките на видовите на ВС на САД, задржуваат и определена самостојност по прашањата на разузнавачкото обезбедување на определените видови ВС на САД.

ДИА со својата разгранета организација на разузнавачки служби претставува една од најмасовните военоразузнавачки организации во современиот свет. Задачите на оваа служба се многу разновидни и обемни, првенствено во сферата на воената стратегија, оперативата и тактиката во локалните, регионалните војни и во светска војна. Нејзините општи задачи се регулирани со законски прописи, воени правила разработени во строго доверливи упатства и директиви.

ДИА во својот состав има централен военоразузнавачки орган и разновидни установи и единици формирани за извршување определени задачи.

Денеска, ДИА ги координира можностите на Секретаријат на Министерството за одбрана за собирање, обработка и дистрибуција

на разузнавачки информации и ја овозможува најефикасната распределба на Секретаријатот на Министерството за одбрана на разузнавачките ресурси за поддршка на донесувачите на одлуки на национално ниво. Со аналитичкиот центар, лоциран на Болинг АФБ во Вашингтон, ДИА одговара на потребите за странско разузнавање и контраразузнавање на Секретарот за одбрана, Заедничките началници на генералштабот (ЈЦС) и Борбени команди. Таа, исто така, ги поддржува и другите одбранбени компоненти и неодбранбени агенции.

Најзначајни органи на ДИА се:

А) Одбранбената разузнавачка агенција (разузнавачка управа на ВС на САД);

Б) Разузнавачки органи на оперативно–тактичките команди и единици во сите видови на ВС на САД и

В) Самостојни специјални единици и органи.

ДИА за реализација на своите активности во странство организира военоразузнавачки центри во чиј состав се наоѓаат најчесто офицери кои се оспособени за разузнавачка работа од проблематиката на видовите на ВС на САД.[26]

Нејзините активности се однесуваат на поддршката на воените операции во мир, за време на кризни состојби, за време на непредвидливи состојби и за време на војна; за потребите на обезбедувањето системи за вооружување и за планирање.

За извршување на своите работи, ДИА е организирана во три центри: Центар за национално военоразузнавачко „производство", Центар за национално воено собирање информации и Центар за национални воени системи, а има и други придружни служби.[27]

Службата за разузнавање ја сочинуваат:

***Директоратот за политичка поддршка.***

***Директоратот за разузнавање.***

***Директоратот за администрација.***

***Колеџот на здруженото воено разузнавање.***

***Советот за разузнавање.***

[26] Извор: A' Consumer's GUIDE to Intelligence Central Intelligence Agency, Public Affairs Staff, Washington 1995, стр. 20

[27] „A Consumer's Guide to Intelligence", CIA, Public Affairs Staff, Washington, 1995, стр. 21-23.

## Агенција за национална безбедност (НСА)

Комуникациите отсекогаш биле основната грижа за разузнавањето. Националните креатори на политиката и нашите воени лидери сакаат да ги заштитат сопствените комуникации, но истовремено да бидат во можност да ги пресретнуваат и декодираат комуникациите на нивните противници. Со цел да ги унифицира и координира безбедносните функции на одбранбената криптографија и комуникации, Агенцијата за национална безбедност беше официјално основана со извршна наредба издадена од претсадателот Труман во 1952 за да ја овозможи најефикасната и унифицирана примена на сите СИГИНТ ресурси.

НСА, сместена во Форт Џорџ Мејд, Мериленд, е одговорна за централизирана координација, раководење и изведување на сите криптографски функции на американската Влада. Таа има и офанзивна и одбранбена одговорност. Во сферата на офанзивата, таа прибира, обработува и емитува разузнавачки информации (СИГИНТ) за Секретаријатот на Министерството за одбрана и за национални странски разузнавачки цели со помош на криптографските елементи на воените служби. Во сферата на одбраната, НСА е извршен агент за безбедност на информациите (ИНФОСЕЦ)[28], што се состои од безбедност на комуникациите (ЦОМСЕЦ)[29] и компјутерска безбедност (ЦОМПУСЕЦ)[30] за Секретаријат на Министерството за одбрана.

Иако СИГИНТ се незавршени разузнавачки информации, НСА обезбедува специјално контролирани СИГИНТ производи директно за воените команди низ целиот свет, за консументите на американската Влада и за произведувачите на целосното разузнавање. НСА го поддржува секој офицер за национална безбедност (НИО), со виш актуелен или регионален специјалист наречен Офицер за сигнално разузнавање на националното разузнавање (СИНИО)[31]. СИНИО и другите претставници на НСА се обврзани да ја помагаат размената на информации и да одржуваат врска за оперативни прашања во рамките на Разузнавачката заедница и со СИГИНТ корисниците.

[28] INFOSEC-Information security.
[29] COMSEC-Communications security.
[30] COMPUSEC-Computer security.
[31] SINIO-Signal Intelligence National Intelligence Officer.

НСА е формирана 1952 година, врз основа на Законот за национална безбедност донесен на 12.11.1947 година, со цел на едно место да се изработат шифри за потребите на сите разузнавачки организации на САД и другите установи и организации кои имаат потреба да соработуваат со затворени пораки.

Специфичната положба на НСА е во тоа што оваа агенција работи за потребите на разузнавачките служби, а исто така и за сите разузнавачки организации кои извршуваат определени работи за потребите на НСА. Освен наведеното, НСА е многу значаен извор на разузнавања за потребите на американската влада и ВС на САД. НСА е поделена на следните работни сектори:

1. ***Одделение за изработка на шифри.***[32]

2. ***Одделение за декриптирање.***

3. ***Одделение за прислушување на радиосообраќај.***

НСА ги извршува своите активности преку оперативни дирекции кои остваруваат работи на оперативно следење на сигналите, на поддршката, информирањето, планирањето и програмирањето и за следење на технологијата и системите.

## Национална агенција за геопросторно разузнавање (НГА)

Во ноември 2003, Националната агенција за сликовно изложување и картографија (НИМА)[33] беше преименувана во Национална агенција за геопросторно разузнавање (НГА)[34].

Во 1996 година беше формирана НИМА која ги консолидира сите геопросторни ресурси и менаџменот на Секретаријат за одбрана во една единствена организација, вклучувајќи ги и Одбренбена картографска агенција (ДМА)[35], Централна канцеларија за сликовно изложување (ЦИО)[36] и Канцеларија за програма за одбранбена дистрибуција. Сите ресурси за сликовно прикажување на Агенцијата

---

[32] Котовчевски, М. (2002). Современи разузнавачки служби. Скопје: Македонска цивилизација, стр. 121-123.

[33] NIMA-National Imagery and Mapping Agency.

[34] NGA-National Geospatial-Intelligence Agency.

[35] DMA-Defence Mapping Agency.

[36] CIO-Central Imagery Office.

за одбранбено разузнавање (ДИА), Канцеларијата за одбранбено воздушно набљудување (ДАРО)[37] и Националниот центар за интерпретирање на фотографии на ЦИА (НПИЦ)[38], исто така, станаа дел од НГА/НИМА. Исто така, персоналот вклучен во искористувањето и дистрибуција на фотографии од Националната канцеларија за набљудување се префрли во новата организација. Во моментов работниот потенцијал на НГА го сочинуваат приближно 9000 вработени луѓе кои имаат познавање од најсовремениот технолошки развој во оптиката, електронска криптографија и фотографска опрема, електронско пресметување, комуникации и фотографии.

Како борбена поддршка и разузнавачка агенција, НГА има корисници внатре и надвор од Секретаријат (Министерството) за одбрана.

## Национална канцеларија за набљудување (НРО)

Националната канцеларија за набљудување (НРО)[39] е агенција во рамките на Секретаријат за одбрана (ДоД), а Секретарот за одбрана има одговорност да раководи заедно со Директорот за националното разузнавање (ДНИ). НРО е одговорна за гаранциите дека државата има технологија и можности да обезбеди супериорно разузнавање низ целиот свет. Таа ја остварува оваа мисија преку истражување и развој, снабдување и оперирање со системи за прибирање на податоци.

Разузнавачките информации обезбедени од НРО се употребуваат за набљудување на договорите за контрола на оружјето, за обезбедување на индикации и предупредување за можните агресии и за планирање и изведување на воени операции.

НРО е одговорна за[40]:

1. Спроведување на програми за консолидирано набљудување за специјализирано разузнавање.
2. Одговор на задачите во согласност со процедурите дефинирани од ДНИ.

---

[37] DARO-Defence Airborne Reconnaissance Office.

[38] NPIC-National Photographic Interpretation Center.

[39] NRO-National Reconnaissance Office.

[40] Извор: A' Consumer's GUIDE to Intelligence Central Intelligence Agency, Public Affairs Staff, Washington 1995, стр.10.

3. Овластување на различни оддели и агенции за истражување, развој, обезбедување и оперирање со доделени средства за прибирање на информации.

НРО главно се фокусира на оперирање со набљудувачки системи.

Националната служба за набљудување раководи со програмата за набљудување на просторот. Таа работи во рамките на Секретаријатот за одбрана и се финансира преку Националната програма за надворешно разузнавање. Задача на оваа служба е да обезбеди технологија и потребни средства за набљудување на просторот за да се оствари разузнавањето насекаде во светот каде што САД имаат свои интереси.

Оваа служба своите задачи ги извршува со истражување, развој, набавка и користење на националните разузнавачки сателити. Службата, исто така, собира разузнавачки податоци за поддршка на функциите кои претставуваат показатели за опасностите, следењето на договорите за контрола на вооружувањето, воените активности и вежби и следење на природните несреќи и други работи сврзани со човековата околина. Разузнавачките приоритети на Националната служба за набљудување претходно ги определуваше директорот на Централното разузнавање. Тој, исто така, ги определуваше барањата за целите кои треба да се набљудуваат и колку често тоа да се прави. Во оваа служба работат лица од ЦИА, лица од воените служби и цивилен персонал од Секретаријатот за одбрана.

## Комбинирани воени служби, мисии и функции

Почнувајќи од 1990 и особено по терористичките напади на Њујорк и Вашингтон во септември 2001 година беа извршени големи промени во организацијата и структурата на системот на американското воено разузнавање. Во март 1991, кога Дик Чејни беше секретар за одбрана во времето на првиот претседател Буш, тој започна со консолидирање на постоечката борбена команда и составните активности за обработка, анализа и производство на разузнавачки информации во регионалните Центри за разузнавање. Ова резултираше со формирање на Заедничките разузнавачки центри (ЈИЦ)[41].

[41] JICs-Joint Intelligence Centers.

Како второ, тој препорача воените служби да задржат само мал дел од разузнавачките операции неопходни за поддршка на актуелните воени операции. Конечно, Секретарот за одбрана се заложи секоја служба да ги консолидира сите постоечки служби, разузнавачки команди, агенции и елементи во единствена разузнавачка команда.

Разузнавачките елементи на Армијата, морнарицата, воздушните сили и маринците собираат, обработуваат и дистрибуираат воени и странски разузнавачки информации и контраразузнавачки информации за помош на нивните соодветни служби. Воените служби се одговорни за набљудување на развојот, снабдувањето, тестирање и проценка, како и за управувањето со тактичките разузнавачки опреми и системи. Овој материјал нормално не кружи во националната разузнавачка заедница, но анализите спроведени преку различни истражувачки, производствени и аналитички центри често се употребуваат за публикации на национално ниво. Кога нивните разузнавачки активности се во согласност со националните потреби (спротивно на тактичките потреби за локалните команданти), воените служби оперираат во согласност со насоките од ДНИ и во координација со ЦИА (надвор од САД) или ФБИ (во САД).

### Армиско разузнавање

Армијата ги исполнува тактичките разузнавачки потреби на армиските командири, но исто така, придонесува и за националните потреби во врска со воените можности на глобалните земјени сили. Основната мисија на армиското разузнавање е да обезбедува навремени релевантни и точни разузнавачки информации и електронска воена поддршка на тактичките, оперативни и стратешки команданти со цел да ја намали несигурноста и ризикот на американските сили и да дозволи ефективна примена на сила.

Армиското разузнавање се спроведува (раководи) преку Заменикот началник на Генералштабот за разузнавање (ДЦСИНТ)[42], персоналот на Генералштабот и Разузнавачката и безбедносната команда (ИНСЦОМ)[43]. ИНСЦОМ е армиската стратешка разузнавачка организација и нејзината основна служба за прибирање на

[42] DCSINT-Deputy Chief of Staff for Intelligence.

[43] INSCOM-Intelligence and Security Command.

информации. Помошните ИНСЦОМ елементи собираат информации од сите извори, исполнувајќи ги барањата на Армијата, Обединетата команда и Министерството на одбрана на разузнавањето на национално ниво.

Главните аналитички и производствени функции се извршуваат во Националниот центар за основно (темелно) разузнавање (НГИЦ)[44], со седиште во Шарлотсвил. Тој има задача да обезбедува разузнавачки информации за заменикот началник на Генералштабот за разузнавање, Одделот на армијата и Агенцијата за одбранбено разузнавање.

### Разузнавање на воздушните сили

Разузнавањето на воздушните сили спаѓа во рамките на Директоратот за операции (ХО)[45] во Генералштабот, американските воздушни сили во Пентагон. Директорот за разузнавање, извидување и набљудување (АФ/ХОИ)[46] има целосна одговорност за разузнавачките програми на воздушните сили и ги претставува Воздушните сили во рамките на Разузнавачката заедница. ХОИ за донесувачите на одлуки обезбедува оценки за надворешните воени воздухопловни активности и намери, вклучувајќи и современи закани, цели и борбени информации за поддршка на брзата примена на воздушна сила низ целиот свет.

Националниот центар за воздухопловно и вселенско разузнавање (НАСИЦ)[47] лоциран во воздушната база Врајт-Патерсон, Охајо, е основната организација на Воздухопловните сили за обработка на разузнавачки информации во врска со воздухопловството. НАСИЦ спаѓа во рамките на Агенцијата за воздухопловно разузнавање (АИА)[48], која е составна единица на Воздухопловната борбена команда (АЦЦ)[49]. НАСИЦ преку ХОИ пружа директна воена разузнавачка поддршка на оние кои ги носат одлуките на национално ниво и преку АЦЦ на оперативните воздухопловни

---

[44] NGIC-National Ground Intelligence Center.
[45] XO-Directorate of Operations.
[46] AF/XOI-The Director of Intelligence, Surveillance and Reconnaissance.
[47] NASIC-National Air and Space Intelligence Center.
[48] AIA-Air Intelligence Agency.
[49] ACC-Air Combat Command.

команданти. Оваа поддршка вклучува електронска борба, странска технологија, мониторинг на заканите, оценка на системите за оружје и податоците во врска со надворешни закани.

Во сферата на собирање на информации, програмата за разузнавање на Воздухопловните сили е една од најтехничките програми. Таа раководи со многу национални набљудувачки платформи за собирање на разузнавачки информации. Иако поддршката обезбедена од разузнавањето на воздухопловните сили е значајна, нејзините активности се фокусирани на поддршка на оперативните команданти и нивните екипажи.

### Разузнавање на морнарицата

Разузнавачката програма на американската морнарица е управувана од Директорот за морнаричко разузнавање (ДНИ)50. Разузнавањето на морнарицата пред се се фокусира на задоволување на разузнавачките потреби на Морнарицата, особено поддршка на флотата. Таа е одговорна за мониторинг на сите морнарици во светот и транспортот на стоката. Другите мисии вклучуваат индикации и предупредување, проценка на системот за оружје, разузнавачка поддршка на планирањето и контраразузнавањето/безбедноста. Поголемиот дел на операциите на Морнаричкото разузнавање спаѓаат во рамките на Канецларијата за морнаричко разузнавање (ОНИ)[51].

Оваа канцеларија е вклучена во прибирање на ХУМИНТ, МАСИНТ и СИГИНТ колекции, пред се за поддршка на операциите на флотата. Научното и техничко разузнавање на Морнарицата и општите воени разузнавачки анализи и обработка, исто така, се остваруваат од страна на ОНИ во Националниот центар за морнаричко разузнавање (НМИЦ)[52] лоциран во Суитленд, Мериленд. Разузнавачката организација на Морнарицата произведува и дистрибуира продукти низ целата заедница за начуни и технички информации, оперативно разузнавање, информации за океански надзор, автоматска и телекомуникациска поддршка и задоволување на потребите за собирање на информации.

---

[50] DNI-Director of Naval Intelligence.
[51] ONI-Office of Naval Intelligence.
[52] NMIC-National, Maritime Intelligence Center.

**Разузнавање на Маринскиот Корпус**

Разузнавањето на Маринскиот Корпус е под раководство на Вишиот разузнавачки офицер на маринскиот Корпус (СИО)53, Директорот на разузнавањето. На СИО му помага Командантот на главниот офицер на Маринскиот Корпус и функционалниот управител за разузнавање, контраразузнавање и криптографски прашања. СИО е, исто така, и Директор на Разузнавачката активност на Маринскиот Корпус (МЦИА). МЦИА го поддржува развојот на плановите, доктрината, структурата на силите, обуката, вежбите и примената на политиката на маринскиот Корпус.

Основната мисија на разузнавањето на Маринскиот Корпус е да ги поддржува експидициските сили, како и копнени и водени операции на Маринските сили, кои не се обезбедени од другите служби или националните разузнавачки елементи. Нивните разузнавачки напори се на тактичко ниво. Маринскиот Корпус се „подготвените сили" на државата. Тие за кратко време можат да бидат мобилизирани за задачи низ целиот свет, изведувајќи широк спектар на мисии, кои се движат од присуство до насилен влез. Маринскиот Корпус можат да функционираат самостојно или со американските сили, сојузници или било која друга комбинација.

Силите се, исто така, единствени бидејќи во една организација го интегрираат разузнавањето со командата, контролата и комуникациите (Ц4И)[54]. Преку хармонија на организации (Штабот на УСМЦ, Развојот на Маринскиот Корпус и Команда за образование и Силите на маринската флота), Маринскиот Корпус овозможуваат навременото и сигурно разузнавње да биде достапно за оперативните командири. Разузнавачките елементи на Маринскиот Корпус се пред се корисници на дистрибуирано разузнавање, а не производители. Во секој случај, Маринскиот Корпус работат со Морнарицата и Крајбрежната стража во Националниот центар за морнаричко разузнавање, спроведувајќи научна и техничка анализа како и производство на разузнавачки информации.

---

[53] SIO-Senior Intelligence Officer.

[54] C4I-Command, Control, Communications and Intelligence.

### Разузнавање на крајбрежната стража

Американската крајбрежна стража постана најновиот член на Разузнавачката заедница на 28 декември, 2001 година. Како единствена униформирана служба која не спаѓа под Секретаријатот (Министерството) за одбрана, нејзините обврски се фокусираат на американски безбедносни прашања. Одлуката за вклучување на Крајбрежната стража во Разузнавачката заедница произлезе како резултат од терористичките напади на Њујорк и Вашингтон во септември 2001 година. Членовите на НФИЦ ќе бараат некои внатрешни организациски промени во рамките на Крајбрежната стража со цел таа да биде во согласност со законите за разузнавачките активности во САД. За Крајбрежната стража да продолжи со спроведување на законот и регулаторните функции, таа ќе треба да ги оддели своите операции за собирање, на ист начин на кој контраразузнавачката служба на ФБИ е одделена од нејзините задачи за примена на законот. Разликата меѓу разузнавачките активности и традиционалните активности за собирање на информации нема да се оствари преку ноќ. Сепак, за да го започне процесот, Крајбрежната стража формираше Директорат за разузнавање (Г-01) на 2 јануари, 2002, како замена за Канцеларијата за разузнавање. Во февруари, работна група започна со изработка на планот за имплементација со цел Крајбрежната стража да биде во законска согласност со законите и извршните наредби за разузнавање. Иако предходно беше член на Секретаријатот за транспорт, сега спаѓа во рамките на Секретаријатот за домашна безбедност под претседателот Џорџ Буш. За овој чекор потребно е дополнително усогласување на неговата разузнавачка функција. Безбедносните прашања кои се единствени за Крајбрежната стража ќе вклучуваат движење на странски државјани во САД преку море, активности против наркотици, пристанишна безбедност и поморска безбедност.

### Секретаријат (Департмент) за татковинска безбедност

Конгресот му додели на Секретаријатот за домашна безбедност (ДХС)[55] јасен статутарен мандат за намалување на ранливоста

[55] DHS-Department od Homeland Security.

на САД на тероризам и за откривање, спречување и одговор на терористички напади. ДХС е составен од пет директорати, од кои еден (Директоратот за анализа на информации и заштита на инфраструктура (ИАИП)[56] е член на разузнавачката заедница. Мисијата на ИАИП да дистрибуира информации анализирани од Стејт департментот и локалните владини агенции и власти, како и субјектите од приватион сектор, во сојузната Влада по 11 септември, ја воведе можноста за обезбедување и заштита на националната сопственост, која не постоеше претходно.

Основната функција на ИАИП е прикажување на ранливоста на националната критична инфрастрктура, наспроти сеопфатната анализа на разузнавачките информации и оние од јавните извори. Оваа функција е единствена за сојузната Влада и основна за способноста на нацијата подобро да се заштити од терористички напад[57].

Во рамките на ИАИП, Канцеларијата за анализа на информации (ИА)[58] ги извршува разузнавачките активности спроведени во рамките на ДХС. ИА ги има следниве одговорности:

1. Следење, оценка и координација на индикациите и предупредувањата како поддршка на Секретарот, ДХС, кој со Извршна наредба е одговорен за спроведување на Советодавниот систем за татковинска безбедност (ХСАС)[59];
2. Пристап до сите информации, проценки, анализи и непроценети разузнавачки информации во врска со терористички закани на земјата;
3. Да одржува поврзаност на разузнавањето за поддршка на внимателноста во текот на спроведувањето на заштитни мерки и управување со инциденти;
4. Оценка на обемот на терористички закани за земјата со цел да се разберат таквите закани во светлото на реалната и можната ранливост на државата;
5. Интегрирање на информациите за закани и анализите со проценките за ранливост на ДХС Канцеларијата за заштита на инфраструктурата (ИП)[60], со цел да идентификуваат приоритетите за заштитни мерки од страна на ДХС,

---

[56] IAIP-Information Analysis and Infrastructure Protection.
[57] Види поопширно: http://www.dns.gov/dnspublic/display?theme=9.
[58] IA-Information Analysis.
[59] HSAS-Homeland Security Advisory System.
[60] IP-Infrastructure Protection.

другие агенции на Сојузната Влада и државни и локално владини агенции и власти, приватниот сектор и други субјекти;

6. Одговор на барањата на Помошниот секретар за заштита на инфраструктурата за анализа на информациите и разузнавачките потреби;
7. Собирање и интегрирање на информациите за тероризам до составнте агенции на ДХС, државните и локалните владини агенции и власти, како и од приватниот сектор и известување во врска со тероризмот: процесот има потреба од информации (РФИ)[61] од овие составни агенции, државни и локални владини агенции и власти, како и субјектите од приватниот сектор.

Улогите и функциите на ИАИП и Интегративниот центар за терористички закани (ТТИЦ)[62] соодветствуваат и меѓусебно соработуваат и ги подобруваат националните напори за откривање и спречување на тероризмот. ТТИЦ целосно ги употребува сите информации за терористички закани достапни на американската Влада и спроведува сеопфатна анализа на заканите за потребите на Претседателот, ДХС и други сојузни агенции. ИАИП го снабдува ТТИЦ со разузнавчки аналитичари, кои со аналитичарите од другите сојузни агенции учествуваат во анализата на информациите за тероризам. ИАИП, исто така, го снабдува ТТИЦ со информации за закани собрани и интегрирани од составните агенции на ДХС, државните и локалните владини агенции и власти и субјектите од приватниот сектор.

ИАИП ги интегрира сите информации за закани и анализи добиени од ТТИЦ и други агенции на ИЦ со сопствените проценки на ранливоста, со цел да обезбеди проценки за закани, вклучувајќи ги и приоритетите за заштитни мерки за другите агенции на Сојузната Влада, државните и локални владини агенции и власти и субјектите од приватниот сектор. Конечно, ИАИП управува со Советодавниот систем за домашна безбедност со цел да ја спроведе основната обврска како јавен советодавач.

ИАИП на ДХС и ТТИЦ заедно ги исполнуваат сите барања од параграфите 201 и 202 од Законот за татковинска безбедност од 2002.

[61] RFI-Request for Information.

[62] TTIC-Terrorist Threat Integration Center.

## Заклучок

Терористичките напади на 11-ти септември кои предизвикаа масовни загуби на САД, недвосмислено на површина ги исфрлија сите слабости, ривалства и недоследности, ранливоста на државата и посебно, лошата координација помеѓу членките на најмоќната разузнавачко-безбедносната заедница во историјата на цивилизациите.

Со цел да се елиминираат сите појавени аномалии во функционирањето на разузнавачко-безбедносната заедница на САД, за релативно краток временски интервал се направија суштински промени и трансформација во нивната организациона поставеност, функциите и системот за управување и координација. Основната цел на нивната реорганизација и трансформација беше да се намали ранливоста на САД од тероризмот, односно ранливоста на нејзината национална критична инфраструктура од терористичките закани.

Во суштина, требаше да се изгради нов модел на разузнавачка заедница кој ќе биде многу поефикасен во откривањето, спречувањето и одговорот на терористичките напади на територијата на САД.

За разлика од организационата поставеност на разузнавачка заедница на САД пред настаните од 11-ти септември, во новата структура на разузнавачка заедница се формира Департментот за татковинска безбедност и разузнавачките структури на Крајбрежаната стража како нејзина најнова членка.

Во меѓувреме, Националната агенција за фотографии и мапи (НИМА) беше преименувана во Национална агенција за геопросторно разузнавање.

За успешно раководење и координирање на разузнавачката заедница на САД, со закон беше определена функцијата Директор на националното разузнзвање со широки овластувања како раководител на разузнавачката заедница на САД. Покрај другите функции, во неговата надлежност спаѓаат и утврдувањето на разузнавачките приоритети и елиминирање на непотребното дуплирање и несихронизираност во рамките на разузнавачката заедница на САД. Во контекст, на новите реформи, мошне значајна е и улогата на Секретаријатот за татковинска безбедност со примарна улога намалување на ранливоста на САД од сите видови терористички закани и успешно справување и одговор на сите терористички напади.

Терористичките напади од 11-ти септември 2001 година поставија серија на нови дилеми и барања пред новата разузнавачка заедница која треба да биде далеку поуспешна од претходната структура која функционираше до пред 11-ти септември 2001 година. Дали САД ја научија крвавата терористичка лекција ќе покаже времето и новите терористички предизвици и закани кои ќе следат во наредниот период. САД најверојатно ја сфатија пораката од 11-ти септември која покажа дека и најмоќната сила може да биде изненадена од „флуидниот непријател" – најголемата закана за безбедноста на XXI век.

(Рецензент: *ӣроф. д-р Трајан Гоцевски*)

Mitko KOTOVCEVSKI

## THE INTELLIGENCE SECURITY COMMUNITY OF THE USA AFTER TERRORIST ATTACKS ON 11 SEPTEMBER 2001

### Summary

*The terrorist attacks on 11 September, caused massive losses of the USA, and decidedly output on surface all the weaknesses, rivalry and inconsecutiveness, the vulnerability of state, and particularly, wrong coordination between members of the powerest intelligence-security community in the history of civilizations.*

*With aim to eliminate all the manifestation anomalies in the functioning of intelligence-security community of the USA, for relatively short time interval, were make fundamental changes and transformation in their organizational positioning, functions and system for management and coordination. The root idea of their reorganization and transformation was to reduce vulnerability of the USA from terrorism, in other words, vulnerability on national critical infrastructure from the terrorist threats.*

***Keywords:*** *INTELLIGENCE, INTELLIGENCE COMMUNITY, INTELLIGENCE SERVICES, TERRORISM, HOMELAND SECURITY, AND NATIONAL SECURITY.*